# ВОВЕДНИ СОГЛЕДУВАЊА

***"Сметководството не е цел само за себе, туку е информациски систем што ги проценува, обработува и пренесува финансиските информации коишто се однесуваат на определена идентификувана економска целина".***

***Needels, Powers, Mills, Anderson .***

Пазарното работење, економските принципи на финансиските извештаи и информации, дистрибуцијата и користењето на податоците и информациите за утврдување и оценката на резултатите од работењето на компаниите, слободно може да се каже дека претставуваат суштествени предизвици на економијата на 21. век. Ова поради тоа што и во современата македонска теорија и пракса се работи за имплементација на иновациите, т.е. апликација на новите економски и конкурентски начела и принципи што, несомнено, се во насока на реализација и практицирање отворено стопанство и општество, со почитување на демократскиот и индивидуалниот развој на деловните ентитети.

Во постојните современи услови на работење за да се произведуваат вредности со помали вложувања и трошоци, а потоа тие да можат објективно да се квантифицираат и измерат, меѓу другото, е неопходно добро да се познаваат постапките и процесите на сметководството и финансиските извештаи, пред се, заради соодветна валоризација и квантификација на ефектите и резултатите на компаниите што произлегуваат од дејствувањето на законитостите на пазарот и капиталот, како и другите правила на игра на пазарната економија.

На овие квалитети на современото сметководство и неопходните информации за апликација на сметководствените принципи денес уште повеќе се укажува како на неопходност, бидејќи тие претставуваат значајни фактори за успехот во бизнисот, односно успехот на менаџирањето во услови на глобализација и меѓународен трансфер на секаков вид ресурси.

Оттаму, со право, се смета дека 21. век е век на почитување на економските законитости со нагласен приоритет на сметководствените финансиски информации, коишто преку информатичкиот софтвер се вклучени во процесите и постапките за оценка на деловното работење и менаџирање воопшто, а во таа смисла и на компаниите од Република Македонија.

Всушност, финансиските податоци, содржани во финансиските извештаи, во практиката претставуваат појдовна основа за согледување на резултатите добиени од работењето и дејствувањето на пазарните критериуми, како на ниво на поединечни ентитети, компании , така и пошироко на стопанството во целост.

Во оваа насока се однесува и мислењето на д-р Детлеф Радке кога, меѓу другото, вели : пазарните стопански системи се отворени системи; тие претставуваат рамка што на општеството му дозволуваат на новите проблеми, желби и предизвици да реагираат продуктивно[1]. Економските и општествените принципи, според тоа, лежат во основата на системите на пазарното стопанство што секогаш се реализираат со соодветни консеквенци.

[1] Д-р Детлеф Радке, "Пазарно стопански модели" – Социјално пазарно стопанство во СР Германија, превод од германски, Институт за развојна политика, Берлин , 1995г.

Оттаму и мислењето се фокусира на информатичката моќ на информациите неопходно потребни на доносителите на одлуки (лицата кои ги носат одлуките) кои ги користат пазарните финансиски информации, без оглед на тоа дали тие доносители се во или надвор од компанијата. Врз основа на претходно изнесеното може да се заклучи дека во пазарни и конкурентски услови на стопанисување сметководствено-информацискиот систем претставува значајна подлога во процесот на одлучување на широк круг корисници, пред се, на акционерите, банкарските институции, различните кредитни организации и агенции на национално и глобално ниво.

***Според тоа, проучувањето и истражувањето на проблематиката поврзана со финансиските извештаи и информациските текови во процесите на одлучување и оценка на индивидуалниот и општиот стопански развој денес се мисли дека е повеќе од неминовност.***

***Поаѓајќи од ваквото значење и улога на овие извештаи за оценка на резултатите од работењето на сите деловни ентитети, независно од нивниот карактер на дејноста, како основна цел и задача се наметнува постигнувањето што повисоки производствени и финансиски резултати со пониски вложувања и трошоци на средствата и трудот.***

***Согледувајќи го суштинското значење и актуелноста на податоците и информациите од финансиските извештаи за процесите на одлучување и управување со компаниите, а особено нивната улога при постапките за оценка на резултатите од работењето тие се наметнаа како основна причина што ме поттикнаа во оваа докторска дисертација истржувањата да ги фундирам на современата теорија и стопанска практика. За таа цел овде, само да потсетам на тоа дека финансиските извештаи директно можат да најдат практична примена не само кај менаџментот, туку и кај другите различни корисници на овие извештаи. Информацијата е почеток (старт) за увид и збогатување на знаењето за објективно квантифицирање на планските цели и проектирање концепти на иднината, но и континуитетот во работењето на компаниите.***

Генерално гледано, сметководствените и финансиските информации, структурирани во финансиските извештаи за деловните трансакции и резултати, денес, со право, претставуваат актуелна тема и проблематика што континуирано предизвикува интерес за проучување, односно нејзино приближување и приспособување на современите стопански и општествени текови. Во таа насока, и во овој труд, е проучувањето и истражувањето на материјата и проблематиката на финансиските извештаи со единствена цел да се укаже и подвлече нивното големо значење при менаџирањето со компаниите.

Имено, нивните димензии, т.е. нивната информациска и практична улога, како што е познато, главно, резултира од огромниот спектар области што ги покриваат.

Во таа смисла, почитувањето на начелата и принципите на пазарното работење е со цел тие да послужат како основа за објективна и реална квантификација и оценка на економските перформанси и во македонската економија. Додека пак тие многу одамна биле присутни во економиите на високоразвиениот деловен свет. Имено, со нивна помош, се конципира таков стопански и општествен амбиент во којшто компаниите стопанисуваат и економски размислуваат, компарираат и ги мерат резултатите со оние на успешните компании и тоа според постигнатите деловни и финансиски резултати. Сето ова е насочено кон соодветната композиција на финансиските извештаи со којашто нужно се наметнува потребата од промена во самата свест и начинот на којшто луѓето од менаџментот, всушност учат како да конфронтираат и економски одлучуваат за вложувањата, трошоците и резултатите постигнати во текот на работењето.

Значењето на финансиските информации денес уште повеќе е нагласено и поради фактот што зголеменото производство, во услови на дејствувањето на пазарот и капиталот, бара редуцирање на трошоците, односно зголемување на продуктивноста и рентабилноста на компаниите. Интензивно и апликативно значење финансиските извештаи имаат во процесите на интерното менаџерско одлучување, но исто така тие се од голема

важност и за екстерните корисници (акционерите, банките, инвеститорите и сл.), бидејќи служат како појдовна основа во формулирањето и донесувањето на одлуките. Тоа е така бидејќи, само врз основа на обработката на деловните трансакции по сметководствен пат, се обезбедуваат потребните податоци и информации за состојбата на средствата, капиталот и обврските, како и за приходите и расходите во билансите на компаниите. Само на тој начин содржината на финансиските извештаи може да биде основен извор на финансиски информации, врз основа на кои се носат деловни и развојни одлуки и решенија како за тековното, така и за идното работење.

За таа цел податоците и информациите, добиени од сметководствено – информацискиот систем, треба да бидат вистинити, точни и навремено дистрибуирани до нивните корисници.

За овие информации , исто така, е значајно да се каже дека треба да бидат споредливи, јасни и разбирливи за да можат компаниите од различни земји и пазари да ги квантифицираат и мерат постигнатите резултати. За да можат успешно да се реализираат овие економски цели на билансните извештаи потребна е, покрај институционалното регулирање, и соодветна примена на МСС [2] во практиката на компаниите, независно од конкретните национални, стопански и општествени особености и карактеристики.

Оттаму, во ова истражување на проблематиката и содржината на овие извештаи им се дава интегрално значење во вид на јавни информации со универзално значење во процесите на одлучувањето.

Од доследното почитување на принципите на производството и резултатите во вид на добивка на компаниите и менаџментот се обезбедуваат материјални предуслови за континуиран раст и развој. Тоа, значи позитивна оценка на работењето за определен временски период. Тоа е неминовно, бидејќи само по пат на објективна оценка на квалитетот на работењето и резултатите ќе можат домицилните компании успешно да се конкурираат, натпреваруваат и мерат со оние од странство.

[2] Меѓународни сметководствени стандарди.

***Респектирајќи ја ваквата димензија, слободно може да се каже дека енергетскиот потенцијал на финансиските извештаи денес постојано се големува не само тековно, туку и во перспектива за сите компании и субјекти што дејствуваат на пазарите каде што се создаваат и валоризираат материјалните вредности.*** Практично, со информациите на сметководствено – информацискиот систем, во вид на финансиски презентации, секогаш и секој субјект на одлучување и анализа на полесен начин може да бара излезни решенија за проблемите и тешкотиите со коишто се соочува во текот на своето работење. Оттука произлегува дека универзалното значење и улога на овие извештаи се простира и согледува и во доменот на економската и финансиската анализа за ефектите од потрошените средства и труд во функција на примена на принципите на продуктивноста, рентабилноста, економичноста, профитабилноста и сл. само со цел да се намалат трошоците на работењето и ризикот од вложувањата и цената на капиталот. ***Тоа е економската логика и економската димензија на примената на финансиските извештаи за утврдување и оценка на резултатите од работењето на компаниите.***

Ваквите информации можат да имаат третман на јавни квалитети и показатели за работењето и резултатите, ако преку извршената независна ревизија се утврди и гарантира нивната точност и вистинитост , односно ако придонесат за подлабоко проучување и разбирање на бизнис климата.

Почитувањето на принципите објективност и точност на финансиските извештаи, главно, произлегува од повеќе причини, меѓу коишто како позначајни ќе бидат споменати:

- промената на сопственичката структура на капиталот на компаниите;
- постоењето сомневање во примената на законитоста и имплементацијата на МСС при обработката и презентацијата на деловните трансакции;

- појавата на голем број интерни и екстерни корисници на финансиските извештаи;

- постоењето недоверба во точноста и објективноста на податоците и информациите, презентирани во финансиските извештаи;

- постоењето недоверба во стручноста и професионалната етика кај изготвувачите на финансиските извештаи;

- потребата за оценка на квалитетот и способноста на менаџментот при управувањето, односно дали тој ќе продолжи со работа или ќе ја напушти компанијата;

- потребата за согледување и реализација на принципот континуитет во работењето, односно дали компанијата (според МСС) вечно ќе работи; и друго.

Од наброените тези за нужноста на ревизијата на финансиските извештаи слободно може да се констатира дека податоците и информациите се особено битни во услови на пазарно работење и постоење индивидуален интерес за стекнувањето и распределбата на финансискиот резултат, односно добивката. Значи, тие извештаи се подложни на постојано следење и контрола. Поточно, само располагањето со објективни и валидни податоци и информации од различни извори и различни нивоа на работењето и одлучувањето ќе може квалитетно и рационално да се влијае врз зголемувањето на интересот за работа и вложување капитал со што ќе се придонесе и за побрз развој како на микро, така и на макро план. Ова се дел состојби и причини на коишто во трудот се укажува заради ефектите од информациите на финансиските извештаи да добијат фундаментално значење

за излез од тешкотиите со коишто се соочуваат македонските компании, односно тие да бидат во функција на поширок круг корисници.

Според тоа, постојат многу причини и мотиви што ја поттикнуваат потребата за проучување и истражување на целите и задачите на финансиските извештаи во функција на согледување и оценка на резултатите на компаниите во Република Македонија.

Имено, како позначајни овде ќе бидат споменати следниве:

- определбата за пазарна економија;
- промената на сопственичката структура на капиталот и појавата на акционерството;
- улогата на сметководството и менаџментот при изготвувањето на финансиските извештаи. Во постапките на работењето и утврдувањето на резултатите тие претставуваат моќен фактор и средство што компанијата можат да ја направат (во зависност од квалитетот на информациите) поинаква и поразлична, отколку што била за да биде рамноправна со компаниите од конкуренцијата;
- индивидуалниот и слободниот настап и дејствувањето на компаниите на домашниот и странските пазари;
- економската валоризација и квантификација на работењето и резултатите на ниво на компанија и на стопанството во целина;
- индивидуалноста и либерализацијата при водењето на политиките за развој и при распределбата на финансискиот резултат, односно добивката на компанијата;
- развојот на пазарот на капитал и долгорочните хартии од вредност;
- апликацијата на меѓународните сметководствени стандарди (МСС), меѓународните ревизорски стандарди (МРС), како и меѓународните финансиски правила на игра;

- новите трендови и пазарните интереси во коишто компанијата може да постигне највисоки вкупни резултати;
- апликацијата на системот на менаџерско управување и командување со компаниите; и друго.

Од се она што досега беше изнесено може да се согледа интегралното значење на финансиските извештаи како основни информациски "продукти" за подобрување на производството и резултатите во текот на работењето на компаниите и стопанството во целост.

Имајќи го предвид компетентното значење и улога на сметководствено – информацискиот систем во компонирањето на финансиските извештаи од аспект на утврдувањето и оценката на резултатите на компаниите во Република Македонија, се определив моите истражувања да ги насочам и концентрирам кон: **"ТЕОРЕТСКО – МЕТОДОЛОШКИ ПРОБЛЕМИ И ПОСТАПКИ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ВО ФУНКЦИЈА НА УТВРДУВАЊЕ И ОЦЕНКА НА РЕЗУЛТАТИТЕ НА КОМПАНИИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА"** што, всушност, претставува и насловот на мојата докторска дисертација.

Во истражуваната материја и содржинска обработка, генерално, се понудени современи сознанија и стојалишта фокусирани врз потребата за согледување и оценка на квантитетот и квалитетот на компаниите од страна на менаџментот и останатите доносители на одлуки се со цел постигнување повисоки севкупни резултати во текот на работењето.